РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1976/26

30-12-2020 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по анонимна пријава Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 45-та седница, одржана на ден 29.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-1976 од 2020 година е оформен по пријава бр. 12-1976/1 од 15.05.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносителот, како и по кон него споените предмети со бр. 12-2091 од 2020 и број 12-2841 од 2020 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-1976 од 2020 година и кон него споените предмети со бр. 12-2091 од 2020 и број 12-2841 од 2020 година, во предметниот случај е постапено од страна на сите надлежни органи до кои ДКСК се обратила и истите преземале активности и мерки кои се во нивна законска надлежност, воедно во врска со случајот пред друг надлежен орган, Основното јавно обвинителство Скопје, во тек се постапки по две кривични пријави поднесени во врска со Националната агенција за --------- ----------- и ------------, а исто така лицето против кого е поднесена пријавата до ДКСК, е веќе разрешено од функцијата директор со Одлука за разрешување на директорот на Националната агенција за --------- ------------ ----------- и ------------, која е донесена од страна на Управниот одбор на Националната агенција за --------- ------------ ----------- и -------------.

Предметот со број 12 - 1976 од 2020 година и кон него споените предмети со бр. 12-2091 од 2020 и број 12-2841 од 2020 година , да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-1976 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-1976/1 од 15.05.2020 година и кон неа доставени дополнувања број 12-1976/2 од 21.05.2020 година и број 12-1976/3 од 01.06.2020 година, доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител – анонимна пријава.

Во пријавата изнесени се наводи за злоупотреба на средства од европски фондови и Буџетот на РСМ, поточно за злоупотреба на фондовите на Европската унија од европските програми Еразмус плус,

Евридика, Еуропас и Еурогајденс од страна на директорот на Националната агенција за --------- ------------- ------------- и -------------, ----------- ------------.

Предметната пријава освен до ДКСК била доставена и до други институции и тоа до Министерството за внатрешни работи и до Управата за финансиска полиција а исто така, во врска со предметните наводи биле известени Членовите на Управниот Одбор на Националната агенција како и други институции во РСМ – ГСВРСМ, СЕП, МИОА, Делегацијата на ЕУ во РСМ, Кабинет на претседател на ВРСМ, Кабинет на претседател на РСМ, ДЗР, ДКСК, ПП СДСМ, ПП ВМРО ДПМНЕ, Јавноста и медиумите.

Кон предметот е споен и предмет со број 12-2091 од 2020 година оформен по пријава број 12-2091/1 од 01.06.2020 година, која до ДКСК е доставена од страна на непознат подносител, во која се укажува на сомневање за незаконско работење и недоследности во работењето на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и -------------„ а во однос на исплата на парични средства на правни и физички лица без спроведена јавна набавка. Од причини што се работи за два предмети оформени по пријави со исти наводи и дека се исполнети условите за спојување на предмети, а заради постапување и одлучување на ДКСК во единствена постапка по однос на предметниот случај, ДКСК заклучи овие два предмети да се спојат за што е изготвена службена белешка со број 12-2091/2 од 24.09.2020 година.

Кон предметот е споен и предмет со број 12-2841 од 2020 година оформен по пријава број 12-2841/1 од 26.08.2020година, која до ДКСК е доставена од страна на адвокатско друштво ------------ во име на Стопанска Комора за Туризам на Македонија, со наводи против Директорот на националната агенција за --------- ------------- ------------ и -------------, --------- ----------- и против Национална агенција за --------- ------------- ------------ и -------------, поради тоа што во периодот од 05.10.2018 до 09.10.2018, ја злоупотребила својата положба и овластување како директор на Агенцијата на начин што манипулирала со постапката за јавна набавка, спротивно на Законот за јавни набавки со цел договорот за јавна набавка да го склучи со однапред определени, блиски до неа лица, со што истовремено нанела штета на сите трети лица заинтересирани за учество во постапката за јавна набавка.

При разгледувањето на предметниот случај, Државната комисија ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барања за достава на податоци и информации во врска предметните наводи до: Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Министерство за образование и наука како основач на Националната агенција, Државниот просветен инспекторат и Државниот инспекторат за труд. По барањата на ДКСК доставени се известувања од сите институции и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- На ден 26.06.2020 година, доставен е одговор од Министерството за образование и наука( МОН) – Сектор за ЕУ со кој се известува дека од страна на министерството како Национален Авторитет над Националната Агенција --------- ------------- ------------ и ------------- (НА), веќе било постапено и при нивното надлежното постапување било констатирано матерേјално - финансиска штета, по што биле иницирани внатрешни постапки, како и била поднесена кривични пријава до Основно јавно обвинителство, а случајот и од страна на Националниот авторитет и од страна на Управниот одбор бил пријавен во Управата за финансиска полиција.

По однос на констатираната состојба, МОН известува дека спорната ситуација ќе ја наведе во Октомврискиот извештај за оваа година кој МОН, како Национален авторитет, секоја година го испраќал до Европска Комисија. Воедно, МОН на 02.06.2020 година испратил допис и до следната надлежна институција за пријавување на измами при користење на европски средства - АФКОС - Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средства при Министерство за финансии.

- МВР - Биро за јавна безбедност, на 29.06.2020 година, ја известува ДКСК дека ОКП - Сектор за економски криминал и корупција согласно делокругот на своите надлежности постапил по предмет оформен по анонимна пријава а по превземените мерки и активности предметот бил даден во надлежност на Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при МВР.

-Управата за финансиска полиција, до ДКСК доставува известување од 29.06.2020 година, дека до Управата биле доставени неколку пријави со наводи за сомневање за сторени злоупотреби на средства во предметната национална агенција и по извршените проверки и анализа на целокупната документација од страна на Управата за финансиска полиција ќе се поднесе соодветен поднесок до надлежното јавно обвинителство.

- На ден 02.07.2020 година, доставено е известување од Државниот просветен инспекторат (ДПИ) со кој се известува дека е постапено по барањето на ДКСК и на ден 23.06.2020 бил извршен вонреден инспекциски надзор во Националната агенција. ДПИ констатирал дека проверката на наводите за злоупотреба на средства од европски фондови, не била во надлежност на ДПИ и од негова страна за тоа ќе биле известени Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

-Државниот инспекторат за труд, ја известува ДКСК дека на 24.07.2020 година од нивна страна бил извршен вонреден инспекциски надзор во Националната агенција за --------- ------------- ------------ и -------------и за констатираната состојба бил составен записник. Во инспекцискиот надзор било констатирано дека: Во Агенцијата биле склучени вкупно 107 договори со лица заради извршување на проектни активности без повик и со повик, со лица како евалуатори, проектни асистенти, тренери од базата на Агенцијата, како и со надворешни експерти; Според членот 20 став (1) од Законот за основање на Националната агенција, директорот на Националната агенција формира советодавни тела и ангажира надворешни соработници по пат на јавен конкурс; При надзорот не биле презентирани јавни конкурси за ангажирање на надворешните соработници.

Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК констатираше дека во врска со предметниот случај е постапено од страна на надлежни органи, бил извршен надзор над работењето на Националната агенција и биле констатирани состојби, по што од нивна страна биле започнати постапки до надлежни институции.

- Во интерес на целосно разрешување на случајот од надлежните институции, ДКСК на 25.09.2020 година повторно на 25.09.2020 година се обрати до: ОЈО дали и како е постапено по до нив доставена кривична пријава од МОН; МОН за понова информација во врска со постапките започнати од нивна страна и за копија од кривичната пријава која ја иницирале до ОЈО и до УФП дали, по доставеното известување до ДКСК од 29.06.2020, дали бил доставен поднесок до надлежно ОЈО.

- На ден 06.10.2020 година се реализираше средба на ДКСК со ---------- ------------ за до објаснување и дополнително информирање за постапката за случајот пред ДКСК, а не за извинување како што тоа го презентираше јавно ----------- во емисијата ------- -------- на тв21.

- На ден 07.10.2020 година, до ДКСК, со барање за податоци и информации се обрати Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, по до нив доставеното известување од МВР Сектор за криминалистички истраги Единица за корупција во врска со пријава за злоупотреба на средства од европски фондови – така гласи ви барањето доставено до ДКСК. На ден 09.10.2020 година до страна на ДКСК е постапено по барањето и до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и доставени се бараните податоци и информации со кои располага ДКСК.

- На ден 13.10.2020 година од страна на Основното јавно обвинителство – Скопје, до ДКСК доставено е известување по однос на барањето на ДКСК од 25.09.2020 година со информации дека пред ова обвинителство во тек биле постапки по две кривични пријави поднесени во врска со Националната агенција и тоа: На 28.05.2020 година Национална Агенција поднела кривична пријава против вработен во агенцијата со наводи дека од благајната се повлечени пари и се дадени без правен основ на проектен асистент; и на 26.08.2020 година Стопанска комора на за туризам на Македонија застапувана од полномошник адвокат поднела кривична пријава против ---------- ----------- со наводи за злоупотреба на службените овластувања по однос на спроведување на постапка по јавен повик за доделување на договор за јавна набавка.

- Управата за финансиска полиција, до ДКСК доставува известување и на 28.10.2020 година со кое известува, по однос на барањето на ДКСК за дополнителни податоци и информации во која фаза се наоѓа постапката, започната од страна на Управата за финансиска полиција, а по однос на доставените пријави за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело злоупотреба на средства од европски фондови и Буџет на Република Северна Македонија, преку Националната Агенција за --------- ------------- ----------- и ------------, дека согласно член 12 ст.1 9д Законот за финансиска полиција, (Сл. Весник на РМ бр. 12/14, 43/14, 33/15, 27 /16, 83/18 и 198/18), од страна на Управата за финансиска полиција се превземаат предистражни и други мерки поради постоење на основи на сомнение за сторено кривично дело од нивна надлежност, што можат да користат за непречено водење на кривичната постапка и за истото врз основа на член 280 од Законот за кривична постапка од страна на Управата за финансиска полиција ќе биде известен надлежен јавен обвинител и доставен соодветен поднесок, а по што и ДКСК ќе биде благовремено известена.

- По барање на ДКСК испратено преку електронска пошта, од страна на Националната агенција за --------- ------------ ------------ и ------------, на ден 15.12.2020 година до ДКСК доставена е Одлуката за разрешување на директорот на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и ------------, -------- ------------донесена од страна на Управниот одбор на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и ------------,, а која била донесена на седницата одржана на ден 30.10.2020 година и со која на наведеното лице му престанува мандатот на директор на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и ------------, на ден 31.10.2020 година, поради утврдени сериозни неправилности во нејзиното материјално – финансиско работење поради што и била нанесена штета на Националната агенција, согласно членот 17 став 1 алинеја 2 од Законот за основање на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и ------------,.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба и на сето погоре констатирано, ДКСК заклучи дека во предметниот случај постапиле сите надлежни органи до кои ДКСК се обратила и истите преземале

активности и мерки кои се во нивна законска надлежност. Воедно, во врска со случајот пред друг надлежен орган - Основното јавно обвинителство – Скопје, во тек се постапки по две кривични пријави поднесени во врска со Националната агенција за --------- ------------- ------------ и -------------, а исто така лицето -------- ----------, против кого е поднесена пријавата до ДКСК, е веќе разрешено од функцијата директор со Одлука за разрешување на директорот на Националната агенција за --------- ------------- ------------ и -------------, која е донесена од страна на Управниот одбор на Националната агенција за е--------- ------------ ------------ и -------------. Со оглед на заклученото, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 1976/26**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :
- Архива

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, Советник
Одобрил : Н.Б, Член на ДКСК